**Запознавањето со основните организациски документи, системи, процедури и структурата на една граѓанска организација** се меѓу **најважните придобивки за учесниците** на дводневната **обука за добро управување на граѓански организации**.



На 18 и 19 декември 2018 година, 10 претставници на граѓанските организации дискутираа, отвораа нови прашања и преку вежби **учеа за принципите и елементите на доброто управување**, за **основните процеси на организациско управување**, за **организациска структура**, за **односите помеѓу извршните и управните органи**, **улогата на управните органи и нивните членови**, **судирот на интереси**, **организациски политики и документи** и сл.

Во оценката на обуката, **најголемиот дел од учесниците изјавија дека нивните знаења и вештини се зголемени**, дека обуката претставува мотив за подобрување на работата на сопствените организации и дека по обуката ќе се фокусираат на изработка и доработка на внатрешните документи, правилници и процедури во нивните организации.

Обуката се одржа во просториите на Граѓанскиот ресурсен центар, а ја спроведоа Емина Нурединоска и Александар Кржаловски од Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Оваа обука е прва од низата обуки кои ќе следат во следните два месеци а ќе бидат спроведени во рамки на Граѓанскиот ресурсен центар, проект финансиран од Европската Унија а спроведуван од Македонски центар за меѓународна соработка во партнерство со Асоцијација за демократски иницијативи од Гостивар и Медиа плус од Штип.